ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ АД
Бр. 03-3063/1
07.11.2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОКУМЕНТ СО КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ

triglav
Триглав Осигурување Живот

## Намена:

Овој документ содржи клучни информации за осигурителен производ за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик и има за цел да ви помогне во разбирање на природата, ризиците, трошоците, можните добивки и загуби од овој производ и да ви помогне да го споредите со други производи. Овој документ не претставува промотивен (рекламен) материјал.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Производ: Унит Плус осигурување на живот во случај на смрт на осигуреникот поврзано со удели во инвестициски фондови со повеќекратна и еднократна уплата на премија, каде осигуреникот го сноси инвестицискиот ризик.
Отворен инвестициски фонд: ВЕГА ФИНАНСИИ, запишан во Регистарот на отворени инвестициски фондови во КХВ со следниот идентификациски број: РОИФ2622032022ВЕФО7515618.
Осигурител: Триглав Осигурување-Живот АД Скопје Булевар 8-ми септември бр. 18 кат 2, 1000 Скопје, www.triglavzivot.mk. За дополнителни информации контактирајте не на (02) 5102 201.
Надзорно тело: Агенција за Супервизија на осигурување, Ул. Македонија бр.25 , Палата Лазар Поп Трајков, кат 5, 1000 Скопје. www.aso.mk. Контакт број 02 3254 050
Датум на изготвување на документот: 07.11.2022 година.

Осигурување со врзување за цената на уделите на отворениот инвестициски фонд ВЕГА ФИНАНСИИ управуван од страна на ВЕГА ФОНДОВИ АД Скопје со Ризико осигурување на живот во случај на смрт на осигуреникот со повеќекратни и еднократни уплати. Се подготвувате да договорите Осигурување кое не е едноставно и кое можеби е тешко да го разберете.

## ОПИС НА КЛУЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОИЗВОДОТ

Унит плус („Осигурување") е Инвестициското осигурување на живот кое го вклучува вложувањето, поврзано со уделите на отворениот инвестицискиот фонд, како и осигурувањето на живот во случај на смрт со загарантирана осигурена сума. Со инвестициското осигурување на живот договорувачот презема инвестициски ризик, кој е поврзан со промената на вредноста на инвестициските удели.
- Премијата за осигурување се плаќа повеќекратно или еднократно согласно податоци во понудата.
- Премија за осигурување на живот - дел наменет за осигурително покритие во случај на смрт.
- Премија за вложување, дел од премијата кој е наменет за купување на удели во фондот.
- Осигурителот за секој договорувач отвара и води посебна лична сметка на која се водат податоците за бројот и вредноста на купените удели.
- Вложувачките цели на Фондот се сигурност, ликвидност, зачувување и раст на вредноста на уделите преку инвестирање на имотот на Фондот ВЕГА ФИНАНСИИ во хартии од вредност и останати инструменти согласно законските прописи и ограничувањата на вложувањата наведени во Проспектот на Фондот.
- Инвестициската цел на Фондот е зголемување на вредноста на имотот, односно раст на вредноста на уделот на долг рок. Одлуката за вложување ја донесува искусен и професионален тим на ВЕГА ФОНДОВИ АД Скопје врз основа на фундаментални и технички анализи како и проценка на идните приходи и парични текови на одбраните компании.
- Вредноста на инвестициското портфолио не е загарантирана при истекот на осигурувањето, при откуп и при настанување на ризикот смрт. Со зголемување на цената на единиците на инвестицискиот фонд, се зголемува и вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот, со намалување на цената на единиците на инвестицискиот фонд, се намалува и вредноста на инвестициското портфолио вложено во име на Договорувачот.
- Бројот на удели кој што се вложува во инвестицискиот фонд во име на Договорувачот зависи од цената на уделите на датумот на купувањето. Цената на уделите на инвестицискиот фонд се утврдуваат во согласност со законската и подзаконската регулатива, Правилата на работење и Проспектот на фондот.
- Детални информации за целите и инвестициската политика на Фондот се содржани во Проспектот на Фондот.
- Осигурувањето се договара во евра, при што уплатата на премијата и исплатата на осигурената сума се врши во денари по средниот курс на НБРСМ. За делот од уплатата кој се однесува на вложување во инвестицискиот фонд понатаму не се врши конверзија во евра. Вредноста на инвестициското портфолио е изразена во денари и во случај на настанување на осигурен случај, исплатата се врши во денари.
- Со оглед на инвестициската цел и стратегијата на вложување, производот е наменет за вложувачи кои се подготвени да прифатат ризик со вложување во инвестициски фондови со цел остварување на повисок очекуван принос на вложените средства.
Портфолиото на фондот доминантно ќе биде вложено во акции, до максимум 100%. Во одредени моменти кога на пазарите е присутна нестабилност и кога се очекува надолен тренд на цените, Друштвото може да ја намали изложеноста во акции, односно дел од портфолиото да го пласира во парични средства или депозити до максимим 20% со цел амортизирање на негативните ефекти. Политиката на Фондот е насочена кон вложување во реномирани компании од секторот финансии како и компании кои воведуваат новитети во светот на финансии и кои се карактеризираат со иновативност во работењето. Доминантно портфолиото ќе биде составено од т.н. "традиционални финансиски институции" кои се дел од светските берзански индекси, имаат долга историја на постоење и се добро препознатлив бренд во секторот.
Со инвестициското осигурување на живот може да се осигурат здрави лица, и тоа со наполнети 14 години до наполнети 65 години старост. Осигурувањето во секој случај завршува во календарската година кога осигуреникот (односно постариот од осигурените лица кај заемното осигурување) ќе наполни 75 години живот. Производот е првенствено наменет за инвеститори кои покрај осигурување на живот сакаат да инвестираат финансиски средства преку договор за осигурување и да ја искористат можноста за постигнување повисоки приноси, а во исто време имаат доволно знаење или искуство, или се соодветно информирани за својствата и ризиците на овој производ со цел да се донесе одлука за склучување договор за осигурување. Производот е наменет за луѓе кои имаат поголема толеранција на ризик и се подготвени да го преземат ризикот на инвестиции во смисла дека вредноста на инвестицијата може да порасне или падне под вредноста на инвестицијата во текот на инвестицискиот период, односно да изгубат дел или вкупниот износ на вложените средства, во зависност од трендот на движење на цените на уделите на фондот. Производот не е наменет за луѓе кои очекуваат гарантиран поврат на средствата кои се уплатени на полисата за осигурување на живот поврзана со инвестициски дел. Овој производ не е наменет за инвеститори кои сакаат да ги повлечат своите средства пред 2 години.
- Во случај на смрт на осигуреникот, осигурувачот ја исплаќа загарантираната осигурена сума, и вредноста на имотот на инвестициската сметка на корисникот акумулирана до смртта. Вредноста на имотот на инвестициската сметка се пресметува на пресметковниот ден, по приемот на доказите за постоење на осигурен случај и висина на обврските на осигурувачот.
- Во случај на смрт на осигуреното лице или на еден од осигурените лица во случај на меѓусебно (взаемно) осигурување (во натамошниот текст „осигуреник"), на корисникот му се исплаќа загарантираната осигурена сума, и вредноста на имотот на инвестициската сметка на корисникот акумулирана до смртта на осигуреникот.
- Вредноста на имотот на инвестициската сметка на договорувачот, при доживување, се пресметува на пресметковниот ден во месецот, а пред истекот на осигурувањето.
- Можност за вклучување на дополнителни осигурувања согласно понудата на Осигурувачот.
Триглав Осигурување Живот АД Скопје месечно ја пресметува премијата за осигурување на живот во случај на смрт (ризико премија). Ризико премијата се наплатува со намалување на бројот на удели на инвестициската сметка во против вредност на премијата.
Датумот на истек на осигурителното покритие е наведен во самата полиса, во зависност од периодот на траење на осигурување кој Договорувачот го избрал при склучување на договорот за осигурување на живот поврзано со удели во инвестициски фонд.
Доколку осигуреникот ги исполнува условите утврдени со условите за осигурување, тој може да побара аванс, но и да го откупи осигурувањето.

Ако премијата не е платена пет месеци по достасувањето за наплата, осигурувачот може да го повика договорувачот да ја плати премијата. Ако на барањето на осигурувачот, кое мора да му биде врачено со препорачано писмо, договорувачот не ја плати достасаната премија за плаќање во рокот кој е одреден во писмото, а кој не смее да биде пократок од еден месец сметано од денот кога барањето му било врачено, а тоа не го стори ниту некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може – ако дотогаш биле платени премии најмалку за две полни години – да му каже на договорувач дека ја намалува договорената осигурена сума без понатамошно плаќање на премијата (капитализација), а во спротивно дека го раскинува Договорот.

Осигурувањето се склучува во одреден период на осигурување и со датум на доспевање. Друштвото за осигурување има право еднострано да го раскине договорот во согласност со условите за осигурување поради прикривање на околности кои се важни за проценка на ризикот и кои му се познати на осигуреникот, но не можеле да му останат непознати. Доколку премијата не се плати согласно одредбите на условите за осигурување, осигурителната компанија може да се повлече од договорот и да ги задржи дотогаш платените премии.

Во табелата подолу прикажани се придобивките од осигурувањето под претпоставка просечниот годишен принос да изнесува 6%. Пресметката се однесува за лице на возраст од 40 години. Времетраење на осигурување – 20 години и месечно плаќање на премија во износ од 3.000 денари. Месечната премија ја содржи ризико премијата и делот наменет за инвестирање. Ризико премијата зависи од возраста на осигуреникот и истата се наплаќа месечно од инвестициската сметка. Осигурената сума за смрт се дефинира

како процент од вкупните премии и може да се движи од 30%-200% од уплатените премии. Во примерот подолу истата е утврдена на 500.000 денари.

| Вкупна месечна премија 3.000 денари | 1 година | | 10 години | | 20 години | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кумулативна премија | Средства во Фонд | Кумулативна премија | Средства во Фонд | Кумулативна премија | Средства во Фонд |
| **Сценарио Доживување** - исплата на 1.167.694 денари | 36.000 | 33.299 | 360.000 | 431.268 | 720.000 | **1.167.694** |
| **Сценарио Смрт** во 10-тата година од осигурувањето - исплата на осигурена сума во случај на смрт 500.000 ден. плус вредноста во Фондот акумулирана до моментот на смрт 431.268 ден; вкупна исплата 931.268 ден. | 36.000 | 33.299 | 360.000 | **931.268** | | |

Придобивките од вложувањето се значително поголеми кога премијата да се плаќа со еднократна уплата. Во табелата подолу прикажани се придобивките од осигурувањето под претпоставка вкупната премија во износ од 720.000 денари да се плати на почеток на осигурувањето. Пресметката е направена со истите претпоставки како и претходната, просечниот годишен принос - 6%, времетраење на осигурување – 20 години. Пресметката се однесува за лице на возраст од 40 години.

| Еднократна уплата на премија во износ од 720.000 денари | 1 година | | 10 години | | 20 години | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кумулативна премија | Средства во Фонд | Кумулативна премија | Средства во Фонд | Кумулативна премија | Средства во Фонд |
| **Сценарио Доживување** - исплата на 2.094.232 денари | 720.000 | 724.165 | 720.000 | 1.205.761 | 720.000 | 2.094.232 |
| **Сценарио Смрт** во 10-тата година од осигурувањето - исплата на осигурена сума во случај на смрт 500.000 денари плус вредноста во Фондот акумулирана до моментот на смрт 1.205.761 денари; вкупна исплата 1.705.761 ден. | 720.000 | 724.165 | 720.000 | **1.705.761** | | |

## ОПИС НА РИЗИЦИ И ОЧЕКУВАЊА ОД ПРОИЗВОДОТ

Согласно Одлуката од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за утврдување на начинот на пресметување на приносот по удел во отворен инвестициски фонд и за пресметување на волатилноста на инвестицискиот фонд, Друштвото за управување со инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД Скопје ги пресметува и ги објавува просечната стапка на принос по удел, волатилноста, односно стандардната девијација, како и ризичната класа за секој отворен фонд со кој управува. Добиените резултати се објавуваат во проспектот на соодветниот фонд кога се вршат негови измени, како и на веб страницата на Друштвото, и тоа квартално, а најдоцна во рок од 10 дена по истекот на кварталот за кој се однесуваат податоците.

Понизок ризик Повисок ризик

<------------------------------------------------------>

| 1 | 2 | 3 | 4 | **5** | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Фондот се наоѓа во категоријата на ризичност 4 што упатува на умерено ниво на ризик и е во согласност со долгорочната стратегија на Фондот. Стандардната девијација се пресметува врз основа на историски податоци за приносите на фондот од последните 5 години, или врз основа на историски податоци од пократок период, односно од моментот на формирање на фондот, (доколку фондот е формиран во период не подолг од 5 години), до моментот на известување. Стандардната девијација се пресметува со употреба на седмични приноси на фондот. Стандардната девијација се пресметува и потоа се сведува на годишна основа. Врз основа на пресметаната стандардна девијација, Друштвото понатаму го пресметува и индикаторот на синтетичкиот ризик и принос (ризичната класа).

Валутниот ризик претставува форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Фондот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на македонскиот денар може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите. Овој ризик Друштвото за управување ќе го редуцира со диверзифицирање на портфолиото во различни странски валути.

Ризик од промена на цените на финансиските инструменти во кои е вложен имотот на Фондот (**пазарен ризик**). Овој ризик Друштвото за управување ќе го редуцира со инвестирање во различни финансиски инструменти во согласност со стратегијата и ограничувањата на инвестициите. Падот/растот на цената на одделни хартии од вредност ќе влијае врз намалување/зголемување на вредноста на уделот, а со тоа и приносот од инвестирање.

Ризик кој произлегува од промена на каматните стапки - Каматен ризик претставува веројатност дека приносот до доспевање на купените должнички хартии од вредност ќе порасне/падне, односно веројатност дека во моментот на продажбата на должничките хартии од вредност приносот до доспевање ќе биде повисок/понизок во споредба на оној кога одредената должничка хартија од вредност била купена, а тоа, пак, ќе резултира со капитална загуба/добивка.

Кредитен ризик - Кредитниот ризик претставува веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат.

Политички ризик - Како резултат на широката географска алокација на имотот на Фондот постои можност евентуалните политички кризи на светските пазари да влијаат на вредноста на имотот.

Ризик од промена на даночните прописи - Ризикот од промена на даночните прописи претставува веројатност дека законодавната власт, во Република Северна Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно/позитивно би влијаел на приносот на Фондот

Во следната табела се прикажани месечните приноси за отворениот фонд ВЕГА ФИНАНСИИ, за кварталот кој завршува на 30.09.2022 г.

| | Просечен месечен принос за ВЕГА ФИНАНСИИ | | | Просечен остварен принос во % |
|---|---|---|---|---|
| | последни 12 месеци | последни 24 месеци | последни 5 години | Од основање |
| Просечен месечен принос | / | / | / | -0,71% |

Осигуреникот треба да има предвид дека не секогаш може да го оствари очекуваниот принос на вложените средства. Во периодот на осигурувањето може да се случат негативните пазарни трендови кои можат привремено да ја намалат вредноста на инвестицијата, односно вредноста на референтниот број на уделите може да биде пониска во однос на почетната вредност на референтниот број на уделите.

Осигурувањето не вклучува капитална гаранција која штити од пазарен и кредитен ризик.

Даночните прописи на Република Северна Македонија можат во иднина да имаат влијание врз исплатата на осигурувањето. Во моментот во Република Северна Македонија, со данок личен доход се оданочува позитивната разлика помеѓу вкупно уплатената сума по основ на животно осигурување и исплатената осигурена сума. Подетална информација за основата за оданочување на доходот од осигурување може да се најде во членовите од 68 до 70 од Законот за данок на личен доход.

Предвременото откажување на Договорот (откуп на осигурувањето) може да предизвика губење на дел од вложениот капитал и наплата на соодветна излезна провизија. Повеќе детали за последиците од откупот видете во делот Опции за предвремено прекинување на договорот и последици.

## КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ ДРУШТВОТО ДА НЕ МОЖЕ ДА ЈА ИЗВРШИ ИСПЛАТАТА

Триглав осигурување Живот АД Скопје секогаш ќе може да го плати гарантираниот надоместок од осигурувањето. Во случај на припојување или ликвидација на отворениот инвестициски фонд каде се вложува премијата за вложување, Триглав осигурување Живот АД Скопје на договарачот/осигуреникот ќе му даде алтернатива, да премине во друг фонд кај истото ДУИФ или да премине во друг фонд кај друго ДУИФ, за што договарачот/осигуреникот треба да се произнесе во рок од 15 дена. Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудената алтернатива се на товар на друштвото. Доколку договарачот/осигуреникот не ја прифати можноста за премин во друг фонд, со кои друштвото ќе смета дека настанал случај на доживување и на договарачот/осигуреникот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување.

За загубите кои настанале како резултат на работењето на ДУИФ, ризикот го сноси инвеститорот.

## КОИ И КОЛКАВИ СЕ ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОИЗВОДОТ

Друштвото пресметува и наплаќа влезни трошоци, трошоци при престанок на осигурување (вклучително и при истек) и трошоци за управување и водење на инвестициската сметка.

**Расчленување на трошоци**

Во прегледот подолу прикажани се сите трошоци кои ги пресметува и наплатува Друштвото.

| Расчленување на трошоци | | | |
|---|---|---|---|
| Еднократни трошоци | Влезни трошоци | 5% од бруто премија (еднократно плаќање)<br>8% од бруто премија (повеќекратно плаќање на премијата)<br>2,5% од бруто премија при дополнителна еднократна уплата на премија | Ефектот на трошоците што ги плаќате при склучување на осигурувањето. |
| | Излезни трошоци | 0,5% од исплатата при престанок на осигурување (еднократно плаќање на премија)<br>1% од исплатата при престанок на осигурување (повеќекратно плаќање на премијата) | Ефектот на трошоците што ги плаќате при престанок на осигурувањето после крајниот рок на покритие. |
| Повторувачки трошоци | Трансакциски трошоци на инвестициско портфолио | Не се вклучени во производот | Ефект на трошоците за купување и продажба на уделите на отворените инвестициски фондови |
| | Останати повторувачки трошоци | 1 евро месечно кај еднократна уплата на премија<br>2 евра месечно кај повеќекратна уплата на премија | Ефект на трошоците што се наплатуваат секоја година за управување со вашите инвестиции и други трошоци. Ова ги вклучува давачките за управување и другите административни трошоци |
| Повремени и не предвидени трошоци | Надоместоци за успешност | Не се вклучени во производот | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку приносот ја надмине референтната вредност. |
| | Учество во добивка | Не се вклучени во производот | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку вложувањето ја надмине референтната вредност |

## ОПЦИИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ПОСЛЕДИЦИ

**Препорачано траење на осигурувањето: 20 години**

Се препорачува осигурувањето да трае најмалку 20 години бидејќи обезбедува долгорочно осигурување во случај на смрт и во исто време долгорочно штедење. Во секој случај, се препорачува да се задржи до крајот на траење на договорот за осигурување

Осигурувањето му овозможува на договарачот да располага со собраните средства за времетраење на осигурувањето во согласност со Условите за осигурување (на пример аванс, откуп).

Доколку од почетокот на осигурувањето поминало барем две години и премиите да се платени за најмалку две години, договорувачот може да побара мирување на плаќање на премијата (**мирување**) за една година. Договорувачот може да бара мирување за времетраењето на осигурувањето најмногу двапати. Договорувачот може да побара мирување по втор пат ако од претходното мирување поминале барем две години и ако во тој период договорувачот редовно ја плаќал премијата за осигурување.

Ако од почетокот на осигурувањето се поминати најмалку 2 (две) години и ако вредноста на уделите на инвестициската сметка го надминува минималниот износ за остварување на право на **аванс**, која се определува согласно важечката тарифа на осигурувачот, договорувачот може да побара исплата на аванс. Во случај на аванс, се исплаќа дел од вредноста на инвестициската сметка и тоа во висина од 90% од вредноста на уделите. Во случај на аванс, загарантираната осигурена сума се намалува за износот на плаќање. Исплатата на авансот и враќањето на авансот не влијае на обврската за плаќање на премијата.

Правото на **откуп** договорувачот може да го оствари доколку од почетокот на осигурувањето се поминати две години и премиите се платени за најмалку две години. Во случај на откуп на полисата осигурувачот наплатува надомест за излез во висина од 1%, односно за еднократно осигурување во висина од 0,5%. Откупната вредност е еднаква на вредноста на имотот на инвестициската сметка, намалена за трошоците за откуп.

Согласно Законот за облигациони односи можете да отстапите од договорот за осигурување во рок од 30 дена од денот на склучување.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВКИ И ПРИГОВОРИ

Остварување на правата на приговор може да се испратат писмено по пошта на адресата на Триглав осигурување Живот АД Скопје „Булевар 8-ми септември, бр.18 кат 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија", да се обратите на нашата емаил адреса steti@triglavzivot.mk или директно преку веб страната на Друштвото https://www.triglavzivot.mk/steti

Претставка до Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: АСО) се поднесува со цел заштита и остварување на правата и интересите на осигурениците, корисниците на осигурување и трети оштетени лица. Претставката може да се поднесе: во писмена форма (непосредно во АСО или по пошта); во електронска форма на pretstavki@aso.mk и на веб страната Поднеси претставка - ASO ; или лично во АСО со изготвување на записник.

## ОСТАНАТИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ

Овој документ е подготвен во согласност со Правилникот за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициският ризик кој е донесен од страна на Советот на експерти на Агенција за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 28.04.2022 година.

Документот е стандардизиран.

Триглав осигурување Живот АД Скопје е должен пред да го склучи договорот на договорувачот/осигуреникот да му ги даде сите потребни информации за договорот согласно одредбите од Законот за осигурување, кои се содржани во условите за осигурвање и информативната пресметка, како и да го извести договорувачот/осигуреникот и за распределбата на премија по компоненти(премија за вложување, премија за осигурување и трошоци за спорведување на осигурување, такси и други трошоци кои можат да настанат).Индивидуална информативна пресметка може да се добие од агент за осигурување или посредник, застапник. Осигурувањето е детално регулирано со Општите услови и се нарекува осигурување на живот во случај на смрт на осигуреникот поврзано со удели во инвестициски фондови со повеќекратна и еднократна уплата на премија, каде осигуреникот го сноси инвестицискиот ризик, условите договарачот ги добива пред да го склучи договорот за осигурување. Општите и посебните услови за осигурување се достапни на веб страната на Триглав Осигурување Живот АД.

Дополнително, на Ваше барање, овие документи се достапни и бесплатни истите може да се побараат во седиштето на Триглав Осигурување Живот АД Скопје

За повеќе информации, посетете ја нашата веб-страница www.triglavzivot.mk.

Проспект на Фондот, сите ревидирани годишни извештаи, сите полугодишни извештаи на Фондот и цените на уделите на Фондот се достапни на интернет страницата на Друштвото www.https://vegafondovi.mk/. Депозитарна банка на Фондот е НЛБ Банка АД Скопје, со адреса ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје.

За времетраење на договорот за осигурување, Друштвото е должно писмено да доставува еднаш годишно извештај до осигуреникот за вредноста на референтниот број удели на полисата.

Датум на важност на документ: 16.11.2022 година.

Документот го прочитав и разбрав:

Датум: Име и Презиме/Потпис

_______________ _______________